# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 24 Декември 2019 година Скопје Бр.16 Год. XIV |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на спортска сала на Подрачно Основно училиште,, Димитар Поп Ѓеорѓиев-Беровски,, во У.З.Хром, Општина Ѓорче Петров – Скопје ....................................стр.2
2. Исправка на техничка грешка на Одлука за давање на трајно користење на недвижен имот-објект бр. 08-4036/4 од 18.12.2019 год. објавена во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.15 ..........................................................................................................................................стр3
3. Одлука за давање на трајно користење на недвижен имот-објект ..............................................стр.4


Декември 2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на спортска сала на Подрачно Основно училиште,, Димитар Поп Ѓеорѓиев-Беровски,, во У.З.Хром, Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на спортска сала на Подрачно Основно училиште,, Димитар Поп Ѓеорѓиев-Беровски,, во У.З.Хром, Општина Ѓорче Петров – Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и седмата седница, одржана на ден 24.12.2019 година.

**Број 09-4179/1**
**од 24.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија„ број 05/02), а во врска со член 59 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13,137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров - пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарните одлуки (Службен Гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 37-тата седница одржана на ден 24.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на спортска сала на Подрачно Основно училиште „Димитар Поп Ѓеорѓиев-Беровски" во У.З.Хром, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Ѓорче Петров, се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на спортска сала на Подрачно Основно училиште „Димитар Поп Ѓеорѓиев-Беровски„ во У.З.Хром, во Општина Ѓорче Петров-Скопје, кое се наоѓа на ул. „Воин Драшкоци„ за Блок СЗ 20.02, Г.П. 02.58 ДУП за Градска четврт СЗ 20, усвоен со Одлука бр.08-3187/3 од 01.10.2019 година.

**Член 2**

Ослободувањето од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште се однесува за делот од вкупниот надоместок во висина од 40% наменет за Општина Ѓорче Петров - Скопје.

**Член 3**

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров ".

**Број 08-4156/3**
**Од 24.12.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ИСПРАВКА на техничка грешка**

во **Одлука за давање на трајно користење на недвижен имот-објект**, бр. 08-4036/4 донесена на 18.12.2019 год. а објавена во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.15 од 18.12.2019 година, а се однесува на текстот во Член 1 каде реченицата „се дава на користење на Јавното претпријатие „Водовод и Канализација“ Скопје„ се заменува со реченицата „се дава на користење на Град Скопје за обавување на дејноста на Јавното претпријатие „Водовод и Канализација“ Скопје„.

Корегираната Одлука за давање на трајно користење на недвижен имот-објект ќе биде објавена во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.16 од 24.12.2019 година.

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македониаја“ број 5/02), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на општина Ѓорче Петров“ број 18/13) и Статутарните одлуки („Службен Гласник на општина Ѓорче Петров“ број 13/14 и 3/19), Советот на општина Ѓорче Петров на 36-тата седница одржана на ден 18.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање на трајно користење на недвижен имот-објект**

**Член 1**

Објектот кој се наоѓа на ул.„Лука Геров“ бб. општина Ѓорче Петров Скопје, со површина од 121 метри квадратни лоциран на КП 3225/2 КО Ѓорче Петров 5 – Лепенец, согласно Имотен лист број 52470 издаден од Агенцијата за катастар на недвижности Скопје, се дава на користење на Град Скопје за обавување на дејноста на Јавното претпријатие „Водовод и Канализација“ Скопје.

Правото на користење на објектот од став 1 на овој член, се дава на користење без надоместок за период од 30 години.

**Член 2**

Објектот може да се користи исклучиво за извршување на секојдневните тековни обврски на вработените на ЈП„Водовод и Канализација“ Скопје, кои работат на територијата на општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Со пренесување на правото на користење на објектот се пренесуваат и обврските за тековно одржување и тековните трошоци кои се однесуваат на потрошена електрична енергија, вода и други комунални услуги.

**Член 4**

Начинот и условите за користење на објектот опишан во член 1, ќе се уредат со договор склучен помеѓу општина Ѓорче Петров и Град Скопје, а за извршување на секојденвните тековни активности на вработените на ЈП„Водовод и Канализација“ Скопје, кои вршаљт работни задачи на територијата на општина Ѓорче Петров.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службениот Гласник“ на општина Ѓорче Петров.

**Број 08-4036/4**
**Од 18.12.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**